# З А П И С Н И К

## Од вонредна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево одржа вонредна седница на ден 21.02.2019 година (Четврток) со пчеток во 10.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваше советникот: Атанас Ристов и Виолета Ристова.

На седницата присуствуваше Марјан Јанев градоначалник на општина Василево, Верче Миткова, Горан Андонов и Соња Иванова претставници од општинската аддминистрација.

Претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев пред да го предложи дневниот ред за работа на вонредната седницата даде образложение за причината поради кој се свикува вонредна седница на Советот на општина Василево е тоа што Советот треба да донесе Одлуката со која го одобрува Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани а неплатени обврски заклучно со 30.09. 2018 година, а кои ќе се финансираат со средствата добиени од Владата на РСМакедонија како финансиска поддршка за таа намена.

И втората точка се однесува за предлог-одклуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Василево за 2019 година и истата се однесува на преманена буџетските средства во рамките на една од програмите, односно во програмата А30 – подмирување на доспеани а ненаплатени обврски.

Претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја стави на гласење оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница, од 13 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема при што констатира Советот на општина Василево оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница на Советот на општина Василево е усвоена.

За работа на вонредната седницата беше предложен следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

**1.Предлог – Одлука за одобрување на Извештајот за вкупниот договорен износ по доверителите за финансирање на доспеани а неплатени обврски.**

**2. Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Василево за 2019 година.**

Дневниот ред за работа на Советот на општина Василево за работа на вонредната седница на Советот на општина Василево беше ставен на гласење од 13 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 13 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка **Предлог – Одлука за одобрување на Извештајот за вкупниот договорен износ по доверителите за финансирање на доспеани а неплатени обврски.**, Немаше друг пријавено за збор беше ставена на гласење од 13 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

2.

По отворената расправа по втората точка: **Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Василево за 2019 година**, немаше друг пријавено за збор точка**,** беше ставена на гласење од 13 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 13 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот Крсте Панев ја затвори вонредната седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на Општина Василево

Претседател:

Крсте Панев